Виолета АРНАУДОВА **УДК: 159.923.2-053.6:37.018.1**

# ВОСПИТНИТЕ СТИЛОВИ НА РОДИТЕЛИТЕ И СЕБЕПОЧИТУВАЊЕТО НА АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

***Кратка содржина***

*Во трудот се презентирани сознанија добиени од истражување спроведено со цел да се утврди дали постои поврзаност на воспитните стилови на родителите и себепочитуавањето на адолесцентите. Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 84 испитаници (38 од машки пол и 46 од женски пол), ученици од трета година од две средни училишта во Скопје. За целите на ова истражување беше користена скала за проценување на воспитните стилови на родителите (EMBU) и две скали за мерење на себепочитувањето: Розенберговата скала за глобално себепочитување (RSE) и скала за актуелно себепочитување (SSES).*

*Користени се следниве статистички постапки: аритметички средини (M), стандардни отстапувања (SD), Пирсонов коефициент на корелација (r) и t-тест за проверка на значајност на разлики помеѓу аритметички средини.*

*Врз основа на добиените резултати може да се изведат следниве заклучоци: себепочитувањето кај адолесцентите позитивно корелира со емоционално топлиот воспитен стил на родителите, додека, со презаштитничкиот и фаворизирачкиот воспитен стил на родителите корелацијата е негативна. Негативна корелација е утврдена и меѓу отфрлувачкиот и недоследниот воспитен стил на мајката и себепочитувањето на адолесцентите.*

**Клучни зборови:** *ВОСПИТНИ СТИЛОВИ, ЕМОЦИОНАЛНО ТОПОЛ СТИЛ, ПРЕЗАШТИТНИЧКИ СТИЛ, ФАВОРИЗИРАЧКИ СТИЛ, ОТФРЛУВАЧКИ СТИЛ, СЕБЕПОЧИТУВАЊЕ.*

*Веројатно единствената работа потешка од тоа да се биде адолесцент е да се биде родител на адолесцент.*

*(http://www.focusas.com/Parenting.html).*

**Вовед**

Експертите се сложуваат дека во текот на адолесценцијата врз однесувањето на адолесцентите поголемо влијание имаат врсниците отколку родителите, но исто така се сложуваат дека во тој период, во споредба со врсниците влијанието на родителите врз ставовите е поголемо. Основните морални, етички, естетски, комуникациски и други важни вредности, незабележливо низ голем број семејни пораки се вткаени во односот на личноста кон најважните животни теми уште многу рано во животот, така што ниту жештината на адолесцентната бура не може во целост да ги искорени (Kapor-Stanulović, 1988).

Основна цел на адолесцентите е стекнување на автономност и независност. Без оглед на тоа дали процесот на стекнување автономност претставува прекин на раната инфантилна зависност од родителите за да се воспостават нови зрели хетеросексуални врски, како што тврдат психоаналитичарите, или тој процес е одбележан со промена и редефинирање на социјалните улоги, како што тврдат социјалните психолози, тој сепак претставува една од најзначајните задачи во овој период.

Според некои автори (Erikson, 1976; Marcia, 1966, 1967, според Kapor-Stanulović, 1988), постоењето на конфликти помеѓу адолесцентите и нивните родители не само што е пожелно, туку е и неопходно во постигнувањето на јасен идентитет. Потребно е и пожелно, адолесцентот да почне да го преиспитува системот на верувања и вредности што ги усвоил од родителите и истиот да го тестира и критикува. Она што се подразбира под адолесцентна криза, всушност е процес во кој родителските вредности и раните поистоветувања, критички се преиспитуваат во формирањето на идентитетот кој нема да биде „превземен“ од родителите (Marcia, 1966, 1967, според Kapor-Stanulović, 1988). За да постои автономија, потребно е да постои конфликт, но прашање е дали е неопходно конфликтот да биде толку голем да предизвика оддалечување и несогласување помеѓу двете генерации и длабоки проблеми во приспособувањето.

Во овој период родителите се многу важни како адекватен модел кој му помага на адолесцентот поуспешно да се снајде во новите улоги и очекувања кои доаѓаат со нив, но и да овозможат поддршка и поткрепа. Улогата на родителот е да ги валидира настанатите промени и да му укаже на адолесцентот на можните правци на развој. Само во атмосфера на прифаќање од страна на родителите, адолесцентите можат да експериментираат со новите улоги и вредности, да донесуваат важни одлуки и на тој начин да станат автономни. Во прилог на ова сфаќање се и резултатите од некои истражувања кои покажуваат дека зачувувањето на афективните врски со родителите е во функција на заштита на чувството на сигурност и рамнотежа на адолесцентот, како и тоа дека во периодот на доцна адолесценција, повеќе од било кој друг период, адолесцентите ја перцепираат врската со родителите како врска со најмногу љубов (Greenwald, 1980, http://www.pedagog.org.yu/GTZ/adolescencija/adolescencija.pdf).

Постои разлика во односот што адолесцентите го имаат со таткото и оној со мајката. Таткото најчесто е опишуван како советодавец кој поставува јасни очекувања. Неговите интереси се насочени кон училишниот успех и плановите за во иднина. Мајката, пак, има пошироки интереси за адолесцентот. И таа се интересира за неговата иднина, но повеќе е вклучена во неговиот социјален и емоционален живот. Односот со мајката вклучува блискост и почитување, пријателски однос и однос со авторитет (Kapor-Stanulović, 1988).

## Методологија

Проблем на истражувањето е да се утврди дали постои поврзаност на воспитните стилови на родителите и себепочитуавањето на адолесцентите. Општиот проблем за поврзаноста на воспитните стилови и себепочитувањето е елабориран низ следниве потпроблеми:

1. Каква е поврзаноста на *емоционалната топлина и прифаќањето*, како воспитен стил и себепочитувањето на адолесцентите?
2. Каква е поврзаноста на *презаштитувањето* како воспитен стил и себепочитувањето на адолесцентите?
3. Каква е поврзаноста на *отфрлањето* како воспитен стил и себепочитувањето на адолесцентите?

4. Каква е поврзаноста на *недоследноста* во воспитните постапки на родителите и себепочитувањето на адолесцентите?
5. Каква е поврзаноста на *фаворизирањето* како воспитнитен стил и себепочитувањето на аделесцентите?

Во спроведеното истражување основни ***варијабли*** се: воспитните стилови на родителите и себепочитувањето.

Воспитните стилови се операционализирани преку прашалникот EMBU кој дава податоци за: емоционална топлина и прифаќање, претерано заштитување, отфрлање, недоследност и фаворизирање.

Воспитниот стил *емоционална топлина и прифаќање*, е карактеристичен за родители кои се емоционално топли кон своите деца, полни со одобрување, разбирање, заинтересираност за детето, кои даваат објаснување за дисциплината која ја бараат и кои ретко користат физички казни.

Воспитниот стил на *претерано заштитување*, се одликува со емоционална приврзност и доминација на родителите, со претерано поправање на однесувањето на детето и претерани барања, со присила и без почитување на неговите развојни можности.

*Отфлање*, претставува воспитен стил во кој најчесто родителите отворено покажуваат негативни чувства, постојан критички однос кон детето, поставуваат голем број барања, не ги разбираат мотивите за неговото однесување, не ги почитуваат детските потреби, строго ги казнуваат децата, ги заплашуваат, омаловажуваат и не им посветуваат доволно внимание.

*Недоследоноста* во воспитувањето е присутна доколку родителите се однесуваат различно од ситуација во ситуација, односно еднаш наградуваат еден вид однесување, а друг пат не реагираат на тоа однесување или пак, го казнуваат. Ваквото однесување на родителите речиси секогаш предизвикува невротски пореметувања кај децата.

*Фаворизирање* е воспиен стил со кој родителите манифестираат фаворизиран однос кон едно од децата во однос на другите деца во семејството.

Втората варијабла, *себепочитувањето*, се однесува на афективната компонента на идентитетот. Тоа ги вклучува позитивните и негативните чувства кон себе си, тесно поврзани со верувањето во

сопствената ефикасност, чувството на контрола над сопствениот живот и укажува на степенот во кој личноста верува за себе дека е значајна и вредна.

Со оглед на можноста себепочитувањето да се изрази и како глобално и како диференцирано себевреднување, во ова истражување се прифатени обете концепции. За операционализација на глобалното себепочитување е земена Розенберговата скала, а за проценување на актуелното себепочитување користена е скалата на Хертон и Поливиј, која содржи себепроценување на интелектуалните способности, социјалната адекватност, и физичкиот изглед.

Во согласност со поставениот проблем на истражувањето дефинирана е основната ***хипотеза*** која гласи:

***Воспитните стилови на родителите значајно корелираат со висината на себепочитувањето кај адолесцентите.***

Од основната хипотеза произлегуваат следните субхипотези:

1. ***Воспитниот стил на родителите во кој доминира емоционална топлина и прифаќање позитивно корелира со себепочитувањето на адолесцентите.***
2. ***Воспитните стилови на родителите во кои доминира презаштитеност, отфрлање, недоследниот и фаворизирање негативно корелираат со себепочитувањето на адолесцентите.***

**Метод**

Истражувањето е спроведено на пригоден ***примерок*** од 84 испитаници (38 од машки пол и 46 од женски пол), ученици од трета година од две средни училишта во Скопје.

За целите на ова истражување беа применети: скала за проценување на воспитните стилови на родителите (EMVU) и две скали за мерење на себепочитувањето (RSE и SSES).

***Скалата наменета за проценување на воспитните стилови на родителите (EMBU)*** е од ликертов тип и ја сочинуваат 64 тврдења. Скалата е конструирана од шведскиот истражувач Перис (Perris), а адаптираната верзија од Ариндел (Arrindell), која е користена во ова истражување, содржи 5 субскали: *емоционална топлина, отфрлање, презаштитување, фаворизирање на детето и недоследност.*

Испитаникот ги проценува воспитните стилови на своите родители избирајќи ја алернативата која најмногу се однесува на воспитниот стил на неговата мајка и онаа која најдобро го опишува воспитниот стил на неговиот татко. За секое тврдење понудени се четири алтернативи на одговор: не, никогаш; да, но ретко; да, често и да, секогаш. Секој одговор носи различен број на бодови, од 1 до 4. Скоровите за секоја субскала се добиваат како збир од бодовите за соодветните тврдења за секој испитаник поединечно.

***Розенберīова скала за īлобално себеūочиѿување (RSE).*** Оваа скала е од ликертов тип и содржи 10 ајтеми со петочлен избор. Секој испитаник одредува во која мера се согласува со секое тврдење избирајќи од следниве алтернативи: воопшто не се согласувам, делумно не се согласувам, не можам да се одлучам, делумно се согласувам и потполно се соглсувам. Секој одговор носи различен број на бодови, од 1 до 5. Скоровите се добиваат како сума од бодовите за секое твдрење за секој испитаник поединечно. Максималниот скор на оваа скала изнесува 50, а минималниот 10. Повисокиот скор укажува на повисоко глобално себепочитување.

***Скалаѿа на акѿуелно себеūочиѿување (SSES)*** е од ликертов тип и содржи три фактори: *ūроценка на сопсѿвениѿе инѿелекѿуални сūособносѿи, ūроцека на социјалнаѿа адекваѿносѿ и ūроценка на задоволсѿвоѿо од сопсѿвениоѿ физички изīлед.* Секој испитаник одредува во која мера се согласува со секое тврдење правејќи избор од следниве алтернативи: воопшто не се согласувам, делумно не се согласувам, не можам да се одлучам, делумно се согласувам и потполно се соглсувам. Секоја алтернатива на одговор носи различен број на бодови, од 1 до 5. Скоровите за секоја субскала се добиваат како збир од бодовите за соодветните тврдења за секој испитаник поединечно. Скорот за актуелното себепочитување се пресметува со собирање на бодовите добиени од сите ајтеми. Максималниот скор за субскалите интелектуална способност, социјална адекватност и задоволство од физичкиот изглед изнесува 30, а минималниот 6. Максималниот скор за актуелно себепочитување е 100, а минималниот 20. Повисокиот скор укажува на повисоко актуелно себепочитување.

За ***сѿаѿисѿичка обрабоѿка*** на податоците користени се мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност, Пирсонов коефициент на корелација и t-тест за проверка на значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини.

## Резултати

По статистичката обработка на податоците добиени се следниве резултати:

**Табела бр. 1.** Аритметички средини и стандардни отстапувања на скоровите добиени за себепочитување

| *Варијабли* | *M* | *SD* | *најнизок скор* | *највисок скор* |
|---|---|---|---|---|
| **Глобално себепочитување** | 41.22 | 5.26 | 10 | 50 |
| **Актуелно себепочитување** | 71.20 | 9.80 | 20 | 100 |
| **Интелектуални способности** | 22.77 | 3.27 | 6 | 30 |
| **Социјална адекватност** | 22.26 | 4.68 | 6 | 30 |
| **Физички изглед** | 24.02 | 3.99 | 6 | 30 |

**Табела бр. 2.** Аритметички средини и стандардни отстапувања добиени за воспитните стилови на родителите

| *Воспитни стилови на родителите* | *M* | *SD* | *најнизок скор* | *највисок скор* |
|---|---|---|---|---|
| **Емоционално топол стил – мајка** | 52.86 | 8.35 | 17 | 68 |
| **Емоционално топол стил – татко** | 50.87 | 9.48 | 17 | 68 |
| **Презаштитувачки стил – мајка** | 28.18 | 6.01 | 15 | 60 |
| **Презаштитувачки стил – татко** | 27.76 | 5.90 | 15 | 60 |
| **Отфрлување – мајка** | 32.40 | 9.66 | 25 | 100 |
| **Отфрлување – татко** | 32.81 | 9.83 | 25 | 100 |
| **Недоследен стил – мајка** | 12.38 | 2.92 | 7 | 28 |
| **Недоследен стил – татко** | 12.49 | 2.93 | 7 | 28 |
| **Фаворизирачки стил – мајка** | 7.54 | 2.54 | 5 | 20 |
| **Фаворизирачки стил – татко** | 7.88 | 3.01 | 5 | 20 |

Како што може да се види (Табела 1), себепочитувањето кај испитаниците е релативно високо (глобално себепочитување: *M=41.22, SD=5.26; актуелно себепочитување: M=71.20, SD=9.80).* Повисоки вредности за актуелното себепочитување се добиени за физичкиот изглед *(M=24.02, SD=3.99)* отколку за интелектуалните способности *(M=22.77, SD=3.27)* и социјалната адекватност *(M=22.26, SD=4.68 ).*

**Табела бр. 3.** *Корелации помеѓу себепочитувањето на адолесцентите и воспитните стилови на родителите*

| Варијабли | Глобално себепочитување | Актуелно себепочитување | Интелектуални способности | Социјална адекватност | Физички изглед |
|---|---|---|---|---|---|
| Емоционално топол стил – мајка | .481** | .409** | .390** | .208 | .359** |
| Емоционално топол стил –татко | .401** | .348** | .328** | .163 | .317** |
| Презаштитувачки стил – мајка | -.172 | -.320** | -.147 | -.318** | -.132 |
| Презаштитувачки стил – татко | -.107 | -.241* | -.204 | -.241* | -.060 |
| Отфрлување – мајка | -.145 | -.249* | -.165 | -.199 | -.158 |
| Отфрлување – татко | -.170 | -.213 | -.163 | -.167 | -.126 |
| Недоследен стил – мајка | -.209 | -.225* | -.184 | -.175 | -.106 |
| Недоследен стил – татко | -.149 | -.191 | -.158 | -.157 | -.089 |
| Фаворизирачки стил – мајка | -.022 | -.136 | -.221* | -.069 | -.031 |
| Фаворизирачки стил – татко | .008 | -.148 | -.189 | -.076 | -.068 |

| r (корелација) | p (ниво на значајност) | df (степени на слобода) |
|---|---|---|
| 0.217 | $p < 0.05$ * | 82 |
| 0.283 | $p < 0.01$ ** | 82 |

Од резултатите прикажани во Табела 2 може да се види дека кај испитаниците најзастапен воспитен стил и за мајката и за таткото е емоционално топлиот *(M=52.86, SD =8.35; M=50.87, SD =9.48)* додека кај двата родители најмалку застапен воспитен стил е отфрлувањето *(M=32.40, SD =9.66 ; M=32.81, SD =9.83 )*.

Помеѓу емоционално топлиот воспитен стил на двата родитела (мајката и таткото) и глобалното себепочитување ($r = 0.481$, $p<0.01$; $r = 0.401$, $p<0.01$), актуелното себепочитуавање ($r = 0.409$, $p<0.01$; $r = 0.348$, $p<0.01$), интелектуалните способности ($r = 0.390$, $p<0.01$; $r = 0.328$, $p<0.01$) и физичкиот изглед ($r = 0.359$, $p<0.01$; $r = 0.317$, $p<0.01$), постои значајна позитивна корелација (Табела 3). Овој воспитен стил не корелира значајно единствено со социјалната адекватност. Оттука, може да се заклучи дека ***постои позитивна поврзаност помеѓу емоционалната топлина и прифаќањето на адолесцентите од страна на родителите и нивното себепочитување.***

Добиена е негативна корелација помеѓу презаштитувачкиот воспитен стил на двата родитела (мајката и таткото) и актуелното себепочитување ($r = -.320$, $p<0.01$ и $r = -0.241$, $p<0.05$) и социјалната адекаватност ($r = -0.318$ $p<0.01$и $r = -0.241$, $p<0.05$). Кај другите три воспитни стила (отфрлување, недоследност и фаворизирање), утврдена е статистичи значајна корелација во воспитниот стил на мајката и некои аспекти на себепочитувањето. Односно, актуелното себепочитување значајно негативно корелира со отфрлувањето како воспитен стил на мајката ($r = -0.249$, $p<0.05$) и со недоследноста ($r = -0.225$, $p<0.05$). Постои негативна поврзаност помеѓу фаворизирачкиот воспитниот стил на мајката и вреднувањето на сопствената интелектуална способност ($r = -0.221$, $p<0.05$).

## ДИСКУСИЈА

Добиените резултати ја потврдија основната хипотеза која тврдеше дека карактеристичниот воспитен стил на родителите значајно корелира со висината на себепочитувањето на адолесцентите. Овие резултати се конзистентни со резултатите добиени во истражувањето на Тодоровиќ (Todorović, 2001) спроведено на примерок од 280 средношколци од Ниш, во кое се добиени значајни корелации помеѓу воспитните стилови на родителите и себепочитувањето на адолесцентите.

Досегашните сознанија во психологијата недвосмислено укажуваат дека искуствата кои личноста ги стекнува рано во својот живот се рефлектираат врз подоцнежното нејзино функционирање. Детето нема доволно искуства и знаења кои се неопходни за создавање реални претстави за себе си. Тоа ја гради сликата за себе собирајќи податоци единствено од реакциите на другите кон него, а тие „други“ најчесто се неговите родители. Сите пораки, чувства, гестови и постапки кои во овој период му ги испраќаат родителите, детето пасивно ги прима и верува во нив. Оценките кои ги добива од своите родители стануваат негови самооценки кои ги задржува и во периодот на адолесценција. Искуствата кои детето ги стекнува му овозможуваат да прави одредени промени во стекнатата слика за себе, но таа слика речиси никогаш сосема не се менува.

Резултатире добиени во истражувањето наметнуваат заклучок дека: Постои позитнивна поврзаност помеѓу емоционалната топлина и прифаќањето на адолесцентите од страна на родителите и себепочитувањето на адолесцентите. Се потврди очекувањето дека емоционалната топлина, пред сè на мајката, значајно е поврзана со себепочитувањето. Добиената висока позитивна корелација се однесува на глобалното и актуелното себепочитување, вреднувањето на своите интелектуални способности и задоволството од сопствениот физички изглед. Не е најдена корелација единствено со процената на социјалната адекватност на адолесцентот.

Како се манифестираат емоционалната топлина и прифаќањето? Воспитниот стил на емоционална топлина и прифаќање се одликува со безрезервна љубов, нежност и поддршка. Родителите кои го практикуваат овој воспитен стил умеат да покажат емоции и да ги прифатат своите деца. Децата кои се прифатени, сакани и кои добиваат емоционална поддршка поуспешно се формираат како самостојни личности. Прифаќајќи го своето дете такво какво што е, родителите му овозможуваат да изгради еден вид заштита на своето Его од заканите и омаловажувањата од средината. Довербата што ја покажуваат родителите кон детето е основа за градење на личната самодоверба. Тоа придонесува адолесцентот да биде поподготвен да се соочи со негативните, стресните и штетни влијанија од средината.

Топлиот емоционален воспитен стил му овозможува на детето лесно да се идентификува со своите родители. Тоа презема одредени социјално пожелни особини од нив, ги интроектира без било каква амбивалентност кон нив. Емоционално топлите роди-

тели го прифаќаат своето дете и му овозможуваат да изгради високо себепочитување во периодот на адолесценција.

Врз основа на резултатите добиени со тестирањето на втората субхипотеза според која воспитните стилови на родителите во кои доминира презаштитеност, отфрлање, недоследност и фаворизирање негативно корелираат со себепочитувањето на адолесцентите, можат да се изведат неколку заклучоци:

1. **Презаштитувањето како воспитен стил на родителите негативно корелира со себепочитувањето на адолесцентите**. Претераната заштита или протективноста го забавува психосоцијалното созревање и придонесува овие деца да бидат невнимателни, дрски, вообразени, себични и со голем број барања од своите родители. Во ситуации на отсуство на родителите овие деца стануваат несигурни и вознемирени (Todorović, 2005).

Негативната корелација се однесува на актуелното себепочитување и проценката на сопствената социјална адекватност. Презаштитувањето како воспитен стил на мајката е во негативна корелација со актуелното себепочитување, а како воспитен стил на таткото е во негативна корелација со социјалната адекватност од димензијата на актуелното себепочитување. Овој воспитен стил се карактеризира со висока контрола и високи барања кои родителите му ги поставуаат на детето. Високата контрола која ја воспоставуаат родителите кон детето го отежнува развивањето на самостојност и високо себевреднување. Таа претставува порака за детето дека тоа не е способно само да се грижи за себе и затоа родителите мораат да водат грижа и да воспоставуаат контрола. Детето најчесто е емоционално нестабилно, несигурно и несамостојно и кај него потешко се развива себепочитувањето. Високите барања кои ги поставуваат родителите се најчесто проследени со критики, а тие пак придонесуваат децата да се сомневаат во своите способности. Пофалбите и наградите од родителите, професорите или врсниците им се исклучително значајни за да се уверат во својата успешност. Истовремено, тие тешко ги поднесуваат неуспесите, кои кај нив предизвикуваат лутина и бунтовност.

Родителите кои негуваат презаштитнички воспитен стил сакајќи своето дете да го видат како се стреми кон високи јас идеали, добиваат несигурно дете со променлив однос кон себе си и кон другите. Ваквите адолесценти се преокупирани сами со себе, а тоа им го отежнува моралниот развој, развојот на идентитетот, и ја продолжува зависноста од родителите. Родителите кои практикуваат презаштитнички воспитен стил имаат став дека само со силна-

та контрола врз детето добро ја остваруваат својата родителска улога. Присуството на контрола е неопходно бидејќи отсуството на контрола децата го доживуаат како незаинтересираност на родителите.

2. **Постои негативна поврзаност помеѓу отфрлањето како воспитен стил на родителите и себепочитувањето на адолесцентите**. Добиената негативна корелација се однесува само на отфрлувањето од страна на мајката и актуелното себепочитување на адолесцентот. Воспитниот стил на отфрлување е исполнет со јасни пораки дека детето не ги исполнува очекувањата на родителите и затоа се тие незадоволни од него. Адолесцетнтие кои растат во ваква средина се исплашени и интровертни или агресивни и наметливи. Тие постојано добиваат бројни пораки дека ништо добро и вредно не се очекува од нив. Родителите не покажвуаат никаква доверба во нив и во нивната успешност. Како последица од ова децата формираат лоша слика за себе, ниско се вреднуваат себе си и се идентификуваат со негативната слика што родителите ја имаат за нив. Адолецентите кои се воспитувани на овој начин се доживуаат како неспособни и неуспешни, па веројатно и затоа имаат ниско себепочитугвање

3. **Постои негатина поврзаност помеѓу недоследниот воспитен стил на родителите и себепочитувањето на адолесцентите**. Недоследниот воспитен стил на мајката е делумно високо негативно поврзан со актуелното себепочитување на адолесцентите. Овој воспитен стил придонесува адолесцентот да се сомнева во своите вредности. Така, во ситуација на напнатост и стрес се јавува незадоволство, нестабилност и опаѓање на себепочитувањето. Кај адолесцетите е присутна променлива проценка за себе си, односно променливо себепочитување. Овој воспитен стил е присутен кај родители кои меѓу себе имаат големи несогласувања. Тоа се одразува во процесот на воспитување, мајката од детето очекува едно, а таткото нешто друго. Од една иста постапка на детето мајката може да биде многу задоволна, а таткото разочаран, и обратно. Ова кај адолесцентиете предизвикува несигурна и нестабилна слика за себе, како и ниско себепочитување.

4. **Постои негативна поврзаност помеѓу фаворизирањето како воспитен стил на родителите и себепочитувањето на адолесцентеите**. Родителите кои практикуваат фаворизирачки воспитен стил кон едно од своите деца, придонесуваат да се развие себичност и незаинтересираност за потребите на другите луѓе. Од своите деца тие не бараат одговорност и кон нив не манифестираат

конрола. Меѓутоа, сликата за себе кај нив се менува во периодот на адолесценција. Тие не се доволно успешни во инерперсоналните релации со своите врсници, не се подготвени за неуспех и не се подготвени да превземаат одговорност за своите постапки. Затоа, соочувањето со порази и со неисполнување на нивните желби, кај нив предизвикува сомнеж во своите способности и појава на негативни емоции кон себе.

Интересен е податокот дека постои тенденција воспитниот стил на мајката да има повисока корелација со себепочитувањето на адолесцентите (Табела 3). Овој податок е конзистентен со наодите дека мајките, во споредба со татковците, се вклучени во повеќе аспекти од животот на адолесцентите. Мајките сè повеќе се интересираат за емоционалниот и социјалниот живот на адолецентите, тие се повеќе вклучени во нивните секојдневните случувања, грижи и проблеми, па воспитните стилови на мајката имаат поголемо влијание врз адолесцентите и врз формирањето на себепочитувањето.

## Заклучок

Семејството има силни, позитивни и негативни влијанија врз развојот на личноста. На детето му е потребно присуството на родителите и нивниот интерес за она што се случува кај него. Тоа развива самодоверба и способност за непристрасно проценување на својата личност, ослонувајќи се на мислењето од своите родители, останатите возрасни личности и своите врсници. Често омаловажуваното и критикуваното дете, развива чувство на ниска вредност. Доколку во семејството се негува позитивниот став за почитување на правата на детето, тоа ќе ја задоволи својата потреба за самопочит. Претераните барања, честите опомени, критиките и префрлањата ја спречуваат потребата за самопочит (Todorović, 2005).

Соработката на родителите со детето, развива доверба во релацијата родител-дете. Детето се чувствува слободно да побара совет и помош од родителите, задоволно е со своите активности и резултати кои ги постигнува, истрајно е и има развиено капацитет за соработка и прифаќање на одговорност (Todorović, 2005).

Истражувањата покажуваат дека децата кои најдобро се адаптирани, посебно во социјалните релации, имаат родители кои го не-

гуваат авторитативниот воспитен стил. Децата чии родители се однесуваат претерано заштитнички кон нив, се зависни од авторитет и имаат недостаток на спонтаност (Goodman, F. R. & Gurian, A.,2001., http://www. aboutourkids.org/aboutour/ articles/ parentingstyles.html).

Претераната заштита го забавува психосоцијалното созревање. Овие деца се дрски, вообразаени, себични, ги злоупотребуваат своите родители им поставуваат големи барања. Но, кога овие деца ќе се најдат во ситуација да не се со своите родители, стануваат несигурни и вознемирени (Todorović, 2005).

Кај децата чии родители го застапуваат воспитниот стил на отфрлање, чести појави се агресивноста и непослушноста. Кај нив, емоциите како сочувство, несебичност, пожртвуваност, дружељубивост се мошне слабо развиени. Тие често се исплашени, беспомошни, лути, тешко се прилагодуваат и често пати имаат забавен ментален и физички развој (Todorović, 2005).

Родителите кои се незаинтересирани, кај своето дете предизвикуваат интензивна потреба за љубов, внимание и наклонетост. Детето во своите родители не гледа поткрепа и помош. Тоа се чувствува напуштено и осамено во својот дом. Ова може да предизвика целосен или делумен застој во развојот на сложените чувства, а може да доведе дури и до неспособност за трајно врзување за други личности (Todorović, 2005). Децата од овие семејства имаат ниско чувство на самодоверба поради тоа што не ја чувствуваат родителската грижа (Котева-Мојсовска, 2006).

Детето кое се чувствува прифатено од страна на своите родители е добро расположено, весело, динамично, сигурно во себе, чувствително и храбро. Физичките нежности кои се користат како награда, кога детето ќе ги исполни барањата на своите родители, кај него развиваат голема потреба за постигнувања (Todorović, 2005).

(Рецензент: *доц. д-р Елена Ачковска-Лешковска*)

# ЛИТЕРАТУРА

Darling,N. (1999) Parenting styles and its correlates. Clearinghouse on elementary and early education.

http://www.athealth.com/Practitioner/ceduc/parentingstyles.html

Goodman, F. R. & Gurian, A. (2001). Parenting styles / Children's temperaments: The Match.NUY Child Study Center

http://www.aboutourkids.org/aboutour/articles/ parentingstyles.html).

Greenwald,A.(1980).http://www.pedagog.org.yu/GTZ/adolescencija/ adolescencija.pdf.

Kapor-Stanulović, N. (1988). Na putu ka odraslosti. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

Котева-Мојсовска, Т. (2006). Семејното воспитание и социјалното однесување на децата. Скопје: Академски печат.

Stefanović-Stanojević,T. (2005). Emocionalni razvoj ličnosti. Filozofski Fakultet, Niš. DIGP-Prosveta.

Todorović, J. (2005) Vaspitni stilovi roditelja i samopoštovanje adolescenata. Niš : Filozofski fakultet.

www.focusas.com/Parenting.html

Violeta ARNAUDOVA

## PARENTING STYLES AND ADOLESCENTS' SELF-ESTEEM

### Abstract

*In this work are presented the results from the research in which primary aim is to see if there is a connection between parents' styles of education and adolescents' self-esteem. The research is made on sample of 84 third year students (38 man and 46 women) from two secondary schools in Skopje. In the research it was used a Scale for assessment parents' styles of education and two scales for measuring self-esteem: Rosenberg scale for global self-esteem and Scale for measuring current self-esteem.*

*For getting the results are used statistical measurements, like arithmetical mean (M), standard deviation (SD), Pearson's coefficient of correlation (r) and t-test for the differences between arithmetical means.*

*We can conclude that adolescents' self-esteem is in positive correlation with parents' emotionally worm style of education, and that the correlation with parents' careful and favorable style of education is negative. Also, negative correlation is noticed between mother's neglected and inconsistently style of education and adolescents' self-esteem.*

***Keywords:*** *STYLES OF EDUCATION, EMOTIONALLY WARM STYLE, FAVORABLE STYLE, NEGLECTED STYLE, SELF-ESTEEM .*